Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-34/3
15.9.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), врз основа на договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права 2024/461-234 од 26.11.2024 година, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 10/2025
за набавка на услуги за превод

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), има потреба од **набавка на услуги за писмен превод од македонски на албански и/или англиски јазик и консекутивен или симултан превод од македонски на албански јазик и обратно,** кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

2. Опис на услугата:
   - Писмен превод на анализа за административна социјална правда, извештај од состаноци на Националното за административна социјална правда, едукативни материјали, модули за тренинзи и други материјали, зависно од потребите на проектните активности.
   - Консекутивен или симултан превод на два настани.

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 10/2025.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во период од **октомври 2025 до декември 2026.**

4. ИЧП ќе склучи договори со избраните понудувачи за реализација на услугите наведени во оваа покана.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

6. Изборот на преведувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понудите е следната:

Квалитативна евалуација	Максимум можни бодови
Образование	20
Стручност	30

Членство во професионални здруженија	10
Вкупно бодови	**60**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	40
Вкупно бодови	**40**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	60
Просечна оценка за финансиска евалуација	40
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

За писмениот превод, плаќањето ќе биде извршено по реализација на секоја поединечна услуга и доставување на бараниот материјал, најдоцна во рок од 30 дена.

За консекутивниот или симултаниот превод, плаќањето ќе биде извршено по реализација на секоја поединечна услуга, поточно по реализација на секој настан, најдоцна во рок од 30 дена.

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **27.9.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **25.9.2025 година**.

Институт за човекови права

Весна Стефановска
Институт за човекови права